ИЗЛОЖБА

# Was ist kunst MACEDONIA

Tweet
Like 0 Share
17 декември 2007 - 15:46

Поставка на групата ИРВИН во Националната галерија во Скопје



ИРВИН, позната словеначка група се претставува во својот препознатлив манир на строг селективен приод, со чист промислен концепт и посебен начин на поврзување на елементите. Тие, всушност, ја продолжуваат обемната серија остварувања, овојпат како Њас ист кунст MACEDONIA низ три сегменти на поставката. Во првиот дел се изложени 11 грижливо врамени фотографии со еднакви димензии на кои се претставени гардите на одделни источни земји (1998). На нив редовно се појавува знамето на НСК (Neaue Slovenche Kunst во која членува и музичката група Лајбах) како знак на дејствување преку границите, во просторот на "држава - без територија" (рефлексија на драматичните настани во поранешната Југославија во 90-тите години). Преговорите со одделните армии (Македонија не учествувала) се значаен дел од проектот како и идејата за здружена армија на Балканот.

Вториот дел содржи голема врамена фотографија на "Процесија" направена во Марков Манастир кај Скопје со ликот на отец Методија Златанов (автор на посебен вид визуелна поезија) и братот близнак

кој во рацете држи еден примерок на делото на ИРВИН "Малевич меѓу две војни" компонирано од необични елементи: класично насликан лик, крст во две бои и нацистички скулптури. Во истата просторија е поставен информативен блок за значењето на ликовната сцена на источноевропските земји од 1945 до денес, реализиран со помош на компјутер и голема врамена фотографија "Ѕвездено небо" со имиња на автори и земји. Книгата "ЕАСТ АРТ МАП" содржи и еден можен избор на македонски уметници (С. Милевска). Во сето тоа се согледува моралниот и ангажиран однос и став во дејствувањето на ИРВИН.

Во третата просторија е инсталиран ковчегот на Малевич (реконструкција по примерот на неговите "архитектони") со восочната фигура на починатиот уметник (Corps of art) со бело цвеќе на страна како на "вистински" погреб. Над одарот е поставено платното "Црн квадрат на бела основа", а на белата основа на покровот се насликани квадрат и круг. Суровиот факт на минливоста на животот е комбиниран и на специфичен начин спротиставен со две поставки издвоени од изворниот контекст: од лево на ѕидот се изложени 12 необично впечатливи икони со симболичен карактер (позајмени од Прилепскиот музеј) и врамени во ЊИК рамки со споредба, не по аналогија, туку по сродност со сликата на Малевич како радикален исчекор во геометриската апстракција. Доближувањето на различни естетики како и физички реалности го создаваат ефектот на потсвесни сугестии.



Воспоставен е прагот меѓу животот од една и уметноста од друга страна, репрезентирајќи ја онаа граница која уметноста како уметност никогаш не може да ја пречекори. ИРВИН спроведува модерен приод на интерпретација на традицијата и обратно традицијата е реперна точка за интерпретација на знаците на современата уметност. Воспоставен е специфичен однос меѓу стварноста и уметноста, како и меѓу симболичната икона на средновековието и аиконичната слика на Малевич како модерна икона. Таквиот приод е во склад со програмскиот еклектицизам на групата ИРВИН со вклучување на ретропринципот и на локалното и националното во дијалог со современите елементи, идеја формирана по 1983-84 година. Новиот контекст на релации бара ново читање на знаците кое го остава отворено прашањето - Што е животот? (телото умира, но не и човечкиот дух и уметноста) искажано на еден помалку патетичен начин.

Овој проект, реализран од кустосот на изложбата Горанчо Ѓоргиевски, ќе биде документиран и изложуван во следните презентации на групата ИРВИН низ светот.

***Владимир ВЕЛИЧКОВСКИ***
***ФОТО: Н. БАТЕВ***



Like Share Sign Up to see what your friends like.

# Поврзани



[Фантазиите за кои копнеат не можат да се најдат ниту во најлудите соништа]